Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 45 став (2) и член 236 став (11) од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18) и член 44 и член 45 став (5) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (“Службен весник на Република Македонија” бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива, УП1 бр. 11-147/18 од 16.10.2018 година, на Акционерското друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија, како и постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И БИОГОРИВА И МЕШАВИНА НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ СО БИОГОРИВА**

1. Лиценцата за вршење на енергетска трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива, на Акционерското друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија, издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука бр. 02-125/1 од 20.01.2010 година, со евидентен број “НД - 15.03.1/10” (“Службен весник на Република Македонија” бр. 8/10), се менува по барање на носителот поради промени во називот, седиштето, уредување на распределбата на нафтените деривати по резервоари и утврдување на правото на сопственост на резервоарите и по службена должност поради усогласување обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт, и тоа се менува Прилог 1 во целост и е составен дел од оваа Одлука.

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

О б р а з л о ж е н и е

Акционерското друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија (во натамошниот текст: Барателот), на 21.06.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), врз основа на член 45 став (1) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во натамошниот текст: Правилникот), поднесе Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за вршење на енергетска трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива. Регулаторната комисија за енергетика на 05.07.2018 година донесе Заклучок за отпочнување на постапка за менување на лиценца со кој утврди кои одредби од Правилникот ќе се применуваат и потребната документација која што треба да биде доставена во постапката за менување на лиценцата.

Барателот постапи по Заклучокот и на 16.10.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива, УП1 бр. 11-147/18 од 16.10.2018 година (во натамошниот текст: Барање) со дел од побараната документација. Барањето го комплетираше со доставување на целокупната побарана документација на 07.12.2018 година.

Менувањето е побарано промени во називот, седиштето, уредување на распределбата на нафтените деривати по резервоари и утврдување на правото на сопственост на резервоарите. Приемот и испораката на нафтените деривати ќе ги врши преку Складиште за нафтени деривати со 11 резервоарски капацитети на ул.24 бр.45 Илинден, ИЛ 3639, КО Илинден, сопственост на Барателот, од кои седум резервоарски капацитети од по 100m³ на КП 1281/1 ќе се користат за складирање на Еуродизел БС, два резервоарски капацитети од по 100m³ на КП 1281/1 ќе се користат за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1) и два резервоарски капацитети од по 100m³ на КП 1302/3 ќе се користат за складирање на Течен нафтен гас (ТНГ).

Лиценцата се менува и по службена должност и по службена должност поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари (Службен весник на Република Македонија бр. 207/16 и 215/16). Усогласувањето на лиценцата се однесува на обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт.

По доставувањето на целокупната документација од страна на Барателот, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека Барањето нема формални недостатоци, по што согласно член 20 од Правилникот, донесе Заклучок УП1 бр. 11-147/18 од 11.12.2018 година, со кој се задолжува Барателот да ја продолжи постапката и да постапи согласно член 20, 21, 22 и 23 од Правилникот.

Барателот постапувајќи по Заклучокот, го изготви и по одобрувањето од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го објави текстот на Известувањето на неговото Барање во дневните весници “Нова Македонија” и “Коха“ на 28.12.2018 година. Во предвидениот рок од објавата на известувањето не беа доставени мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица.

Согласно член 34 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика, одржа подготвителна седница на ден 18 јануари 2019 година.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 45 став (2) и член 236 став (11) од Законот за енергетика и член 44 и член 45 став (5) од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика, на ден 21 јануари 2019 година одржа седница и донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-147/18**
**21 јануари 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

**Прилог 1**

# ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
## ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Акционерско друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 7-14/ГТЦ, Гевгелија, Република Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
   Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ).

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 20 јануари 2010 година

4. **Период на важење на лиценцата:** 10 години

5. **Датум до кога важи лиценцата:** 20 јануари 2020 година

6. **Евидентен број на издадената лиценца:** НД - 15.03.1/10

7. **Единствен матичен број:** 6505066

8. **Единствен даночен број:** 4080009504921

9. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.
   Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување од земјата и странство на Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), заради натамошна продажба на трговци, преработувачи или потрошувачи во земјата и странство.

10. **Деловни простори и простории во кои ќе се врши енергетската дејност со карактеристики на објектите, постројките, опремата и инсталациите**
    Приемот и испораката на нафтените деривати ќе ги врши преку Складиште за нафтени деривати со 11 резервоарски капацитети на ул.24 бр.45 Илинден, ИЛ 3639, КО Илинден, сопственост на Барателот, од кои седум резервоарски капацитети од по 100$m^3$ на КП 1281/1 ќе се користат за складирање на Еуродизел БС, два резервоарски капацитети од по 100$m^3$ на КП 1281/1 ќе се користат за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1) и два резервоарски капацитети од по 100$m^3$ на КП 1302/3 ќе се користат за складирање на Течен нафтен гас (ТНГ).
    Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складираат нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Македонија и во странство.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,
- обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари, и
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца,
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави Годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавка и продажба на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ),
2. годишна сметка и финансиски извештај составен од:
    - биланс на состојба и биланс на успех,
    - извештај за промените во главнината,
    - извештај за паричните текови,
    - применетите сметководствени политики,

- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценци.

3. преземени мерки во текот на извештајната година за:
   - заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
   - заштита при работа,
   - обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
   - обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба;
4. извршување на програмата за ремонти во извештајната година,
5. состојба со кадровска екипираност за извршување на поодделни задачи при вршењето на енергетската дејност,
6. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли,
7. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година и
8. бизнис план за тековната година.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност.

**16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.